316.647.5:2]:316.7(497.771)(049.3)
316.7:316.334.55(497.771)(049.3)

**Бранислава Пауновска**[1]

**ПРАЗНИЧНИ ОБИЧАИ ВО ТЕТОВО**
**(Заводско предавање, 23.10.1952 г.)**

Како што секое друго место зависно од својот менталитет притежава свои специфични обичаи било да се тие сврзани со поедини празници или, пак, со друго, така и во Тетово постоат не малку обичаи. Нивниот постанок датира од далечното минало, кои пренесувани преку многу генерациии сочувани дури и денеска, било да истите ја одржале во потполност својата стара форма или, пак, како модифицирани провејаваат низ секое семејство, изникнуваат од секое катче како да зафанале длабоки корења одржавајќи ја и понатаму својата стара традиција.

Сите овие обичаи, спроведувани на свој начин се да створат необично голем интерес кај гледачот, зашто влегувајќи во нивната суштина човек може наполно да ја види убавината на истите, нивната тенденција и карактер и врз основа на сето тоа да створи јасен преглед за нив, независно од тоа дали еден обичај ќе претставува слава, имен ден или било кој друг празник.

Постојат разни форми на нимното спроведување, но пак, општо земено, било секој за себе или, пак, сите заедно тежат кон една иста цел, имено кон свтарање на едно празнично расположење, во кое се надгледува нешто не секојдневно, ами баш својствено само на тој празник.

Така, например, опишувајќи ги обичаите на *слава* забележуваме: се пости една недела пред славата за здравје, се чисти (суредува) низ куќа. Вечерта пред славата се вика „кана“. Најблиските роднини (браќа, сестри и др.) се повикуваат на вечерта со јабука „фараклојсона“ или обична и шише ракија.

1 Ракописот со наслов: „*Празнични обичаи во Тетово*“ од Бранислава Пауновска е напишан на рака, во тетратка, како заводско предавање (семинарска работа) на студиите по етнологија на Филозофскиот факултет во Скопје во 1952 г., под менторство на проф. д-р Бранислав Русиќ. Бранислава Пауновска е претставник на првата повоена генерација македонски етнолози, а „заводското предавање“ врз основа на теренски истражувања го напишала во VII семестар од нејзините студии по етнологија. Тетратката е пронајдена во 2022 г. од страна на проф. д-р Љупчо С. Ристески во ракописната заоставштина на проф. д-р Галаба Паликрушева, што денес се чува во Дигиталниот архив за етнолошки и антрополошки ресурси при Институтот за етнологија и антропологија во Скопје. Транскрипцијата на текстот ја направи проф. д-р Љупчо С. Ристески, а јазикот и текстот се пренесени во целост во оригиналната форма со цел да се забележат јазичните карактеристики на македонскиот јазик од тоа време, без лекторски интервенции.





21-X-1952

Материјалот ми е прибран од следните лица:

1. Дука Костовска – родом од гр. Тетово на 56 год. возраст – писмена

2. Ќена Стефчевска – родом од Тетово на 49 год. возраст – писмена

3. Сава Јовановиќ – родом од Тетово на 73 год. возраст – неписмена

4. Ико Мангула – родом од Тетово на 79 год. возраст – писмен

5. Хаџи Ристана Јосифовска на 93 год. возраст од Тетово – неписмена


време се смета да во текот на годината ќе има скрб (ќе умре некој), а исто и за тој што ќе ја чуе горината ќе му е назарна.

Лазарова сабота и Велигден. Спротив овој празник девојките и момите невести се збираа за да берат Лазарево цвеќе по бовчите носки.

Берите се другачке Лазаре
Берите се другачке
Да береме Лазаре, Лазаре
Да береме Лазаре
Која друга не дојде Лазаре
Која друга не дојде
Змија да га укаса Лазаре
Змија да га укаса
Гуштер да га изеде Лазаре
Гуштер да га изеде


Ал си дома домаќице Ој додоле мили боже
Ако спиеш разбуди се Ој додоле мили боже
Ако пиеш весели се Ој додоле мили боже
Да за роси ситна роса Ој додоле мили боже
Да на вари житој вино Ој додоле мили боже
Да се полна амбарите Ој додоле мили боже
Да се рана сиротиње Ој додоле мили боже
Кој без нога кој без рука Ој додоле мили боже
Кој без татко кој без мајка Ој додоле мили боже.

По пријатели испраќаат: расол, варена пченица и панаѓија. Гостите кои се поканети на вечера се гоштеваат, јадат, пијат и благословуваат:

„Да е жив домаќинот, да е жива домаќинката. Да ви се живи децата. Ај догодина со снае, со зетој. Да сме здрави и живи, вечно да биде отворена куќава, да чади оџаков. Амин Господе, како што е арно, така нека биди.“

Се пејат песни, како на пример:

Стојану гости дојдоа
Гости не јада, не пија
Зашто е Стојан сиромав
На девет планини бачила
На Шар Планина сурија.

Ој броје, борје зелено борје
Од тебе прават сребрени столје
На столје седи Нико делија
У руќе држи леле сребрена чаша
Полојна вино, полојна злато
Ај напими се Нико бре делија
На здравје ти било.

На сведенот, слава, дига панаѓија и варена пшеница дома или во црква, а потоа панаѓијата се поставува во лојсарник. Гостите кој ќе го посетат домаќинот, бидуваа погостувани со расол, сарма, сирење, туршија, леблебија (через), локум, суво грозје, баклава и др., и сè тоа е поставено на маса (софра) „скелелија“. Целиот ден протекнува во песни како на пример:

Јеребичице, галабичице
Редум шарена, редум везена.
Високо леташ, широко шеташ,
Широко шеташ, назад се враќаш.
Назад се враќаш на куќа паѓаш
На куќа слама, у куќа слава
Накае жива домаќинска глава
Ај напите се бре мили гости
Добре сте ми дошле.

Ѓорѓија Кара Ѓорѓија
Тројца ти гости дојдоа
На чардак ти се качија
Слатка вечера сакаја

Јагне сугаре печено
На девет мајќе доено
На Шар Планина пасено
На мермер плоча крмено
На извор вода поено.

Домаќинот често пати ги поканува гостите да наздравуваат, зима чаша или шише со ракија или вино, наздравува со гостите, а по тоа запоќнуваат една по една да ги редат песните, на пример:

Донесој биљбиљ понесај
Она пол ока раќија
Пет ока вино црвено
Да пијам да се опијам,
На скуте да ти преспијам,
На аленото завјаче,
На срменото скутинче.

Пијам вино, пијам вода
Негде годер медно вино.
Малку пивнав се опијанив
Пијан идам за недеља
Мамур држам за година.

Пи(ј) ми Стојан напими се
Нека ти е на здравје
У ова куќа за многу године.

Пред излегувањето од одајата на чардак или во двор пејат песни како на пример:

Ај со збогум куќни бре домаќине,
Што смо јале, пиле
Проштевајте што сме потрошиле
Живи биле, догодина дошле
Да идемо, да ви доаѓамо
Мие у вас,
Вие у нас.

Ај весели се куќни домаќине
Весела ти куќа до амина
Што пиело све весело било
Што слушало уште по весело
Изин дај ми дома да идемо
Мене чека мојто посесримќе.

Прва слава во есен е *Петковден*. Се гледа каков ќе е денот, односно ќе грее сонце, дува ветер или врне. Се верува каков ќе е тој ден такви ќе бидат сите празници во текот на годината. Го празнува доста од населението.

*Арханѓел Михаил*. На овој празник не варат пшеница, се верува дека е жив светецот.

*Митровден* – празник на кој се засевуваа, пресевуваа и личкулат јабуки, круши и др.

*Свети Сава* – не е тежок празник, но жените го празнуваат и оние кои го носат тоа име – имен ден.

*Света Варвара* – На тој ден жените не работат за не им загоруваат јадењата.

*Свети Никола* – Го празнуваат рибарите, љуѓе кој го носат тоа име и како слава.

*Божиќни пости* – Започнуваат од свети Филип и траат шест недељи. Се запостува со зејтин и без месо, а се омрсува со пача. Во текот на овие пости не се прават свадби.

*Свети Спиридон* – На тој ден се кинато од слива гранки и се поставуваа во чаша како би расвцетало за Божи, а исто и пшеница се запосевува. Го слават љуѓе кои го носат тоа име.

*Свети Игњет* - Празник на кој се гледа за среќа во куќата. Дента еден член од фамилијата за кој се верува да е среќен, станува рано, зима стомна и оди за вода. Купува симит. Потоа се враќа дома, а по пат окршува гранки од слива. Кога влегува во врата и зборува: „Добро утро за многу години, до година по весели“, а они одговараат: „Амин Боже од твоја уста во Божји уши“. Потова приидува до ќумбето, запалува огин зборувајќи и мешајќи со гранките: „Жар пилиња, жар јајца, мушки деца, женски јагењца, жар здравје, жар паре, жар бериќет и др. “ Истото го прават и останалите членој од фамилијата кога ќе станат. Многу се гледа да не дојде некој друг, специјано сирак или, пак, плачејќи, се верува дека цела година ќе измине во жалости. Затоа често пати ставаат реза на врата.

*Бадња вечер – Бадњик* – Ден спроти Божиќ се носи бадњак од околните места (с. Лешок). Секој зима и носи во куќа, каде се чува пред икона.За вечера се готви риба тепсија, тиганици или питулици. Се купуваат коштањи, ораси, лешници, круши, јабуки, леблебии (через). На тој ден се вари грав кој се суши, а потоа гравот се прска низ куќа против (за уништување) на стеници.

*Божиќ* - Се празнува три дена. На првиот ден многу рано се оди во црква, а по тоа по блиски роднини, кумот, стариот сват, бабата и др. Првите два дена одат само маќите и децата, а на третиот ден одат невестите со своите свекрви или по стари жени.

На тој ден пеат песни како на пример:

Леле, леле д'н Божиќни,
Когај дојде, когај пројде
Мие не те упазифмо,
Мие не се наиграфмо,
Ка не беше за недеља
Току пројде за три д'на.

*Свети Стефан* – Тој празник е на третиот ден од Божиќ. Го празнуваат луѓе кои го носат тоа име. Жените на тој ден не работат.

*Нова Година* – Убичаено е на тој ден да се купува дрва. Ако има „борчови" (долг) настојува да ги исплати за да не го затекне новата година со долг.

На тој ден се меси комад (зелник), се става стара пара или пари. Од како ќе се испече сите седнуваат околу софра (маса). Домаќинот го исечува комадот на онолку дела колку члена броји фамилијата и еден дел повеќе за куќата. Три пати го врти на маса и секој го зима оној дел што е пред него. Во чив дел ќе е парата се смета да е најсреќен и таа пара се чува. Дента се игра коцка, се зборува да ја проба среќата.

*Водице* – Дента на река се крштева вода, се фрлаат голуби. Водата во која што бил крстот ако е замрзната се верува да во текот на годината ќе исчезнат болестите или обратно. По тоа одат по куќи деца со котле вода и босиљок миросуат и пејатм на пример:

Во Јордање крштајуште сја тебје Господе
Тројческо е ја висја поклонение
Родитељ бо глас сведетељство ваше
Тебе возљубенаго тја сина именуја
У духовиње голубиње и жество ваше
Словесе утврждение
Јављај се Христе Боже и мир
Просвештение слава тебе.

На утрешниот ден не се реаботи, „кокошкини водици", за да кокошките им носат јајца.

*Три светитеља* - На овој празник жените не работат, кој се фатени (за излечена болест) дига панаѓија.

*Свети Трипун* – Се крштева вода во црква. Водата ја земаат ви шишиња луѓе кои што имаат лозја, ниви, воќнаци, се прскаат за да бидат плодни. Дента за прв пат се закројуваа лозјата.

*Покладе* – На тој ден не се јаде месо туку риба, тиганици, (благо), шеќер паре, баклава и др. На вечера се соберуваат сите од фамилијата и пред да започнат да јадат едни со други се проштеваат. А помладите одат и по родбини за проштавање им се даваат јајца. После вечера јадат, „амкаат" јајца. Јајце или алва за „амкање" со конец е

завржано за таван, конецот на крајот се запалува и спомнуваат стари жени „вештица Сава, Анѓа и др. Остатокот од конецот се чува за „логајца“, а јајцето се потпоува во вино и се дава на секој да се напије од виното за грло.

*Чисти понеделник* – Дента се чисти и пере и од тој ден започнува постот.

*Велигденски пости* – Велигденските пости траат седум недељи. Се запостува со бело јајце, а се омрсува на Вељлигден со црвено јајце. През тие пости не се јаде месо, освен на Благовец и Цветнице се јаде риба. Не се прават свадби и не се пее.

*Благовец* - На овој празник на малите девојчиња и на машките кој не трпат (долго не живејат) им дупат уши. Девојките кои до тога тесто во раце не фанале, замесуваат блага погача и разделуваат на сите блиски пријатели. Од Благовец закукува кукајца, се настојува да се чуе на утрина и тоа не гладна. Ако, пак, се чује вечерно време се смета да во текот на годината ќе има смрт (ќе умре некој), а исто и за тој што ќе ја чуе, годината ќе му е назадна.

*Лазарева субота* – Вечерта спроти овој празник девојките и младите невести се збират за да берат Лазарево цвеќе по бавчите, пеејќи:

Берите се другачќе Лазаре
Берите се другачќе
Да беремо Лазаре, Лазаре
Да беремо Лазаре
Која друга не дојде Лазаре
Која друга не дојде
Змија да га укаса Лазаре,
Змија да га укаса.
Гуштер да га изеде Лазаре,
Гуштер да га изеде.
Три години да лега Лазаре
Три години да лега.
Три постеље да искине Лазаре,
Три постеље да искине.
Нигде лек да не најде Лазаре,
Нигде лек да не најде.

Од Лазаревото цвеќе прават венци. Венецот го носи еден од групата наречен „невеста“. Со лазарските песни започнуваат од полноќ одејќи по куќи каде добиваат подароци, пари, јајца, брашно и др. Парите ги разделуваат помеѓу себе, а од брашното месуваат леб и др. За овој празник постојат многу песни, како на пример:

За девојка:
Добро утро Лазаре, Лазаре,
Ал сокате Лазаре
По ем пут у година Лазаре
По ем пут у година.

Со све мила роднина Лазаре
Црно око девојко Лазаре,
Црно око девојко.
Што се носиш, поносиш Лазаре
Што се носиш, поносиш.
Со косата ибришим Лазаре,
Со косата ибришим.
Со челото аутанче Лазаре,
Со челото аутанче.
Со веѓите пијајце, Лазаре
Со веѓите, пијајце.
Со очите трнавќе, Лазаре
Со очите трнавќе.
Со носето калемче, Лазаре
Со носето калемче.
Со образи симиди, Лазаре
Со образи симиди.
Со устата кутија Лазаре,
Со устата кутија.
Со зубите бисери, Лазаре
Со зубите бисери.
Со јазиче локумче, Лазаре
Со јазиче локумче.
Со брадиче ќаиче, Лазаре
Со брадиче ќаиче.
Со снагата скумрија, Лазаре
Со снагата скумрија.
Останите со збогум, Лазаре
Останите со збогум.
Годинава дворој, Лазаре
Годинава дворој.
Догодина сараи, Лазаре
Догодина сараи.

Добро утро Лазаре, Лазаре
Добро утро Лазаре.
Ал сакате Лазаре, Лазаре
Ал сакате Лазаре.
По ен пут у година, Лазаре
По ен пут у година.
Со све мила роднина, Лазаре
Со све мила роднина.
Овде јунак не женет, Лазаре
Овде јунак не женет.

Жените го жените, Лазаре
Жените го жените
Зарем ќе ви одбегне, Лазаре,
Зарем ќе ви одбегне
У две утри планине, Лазаре
У две утри планине.
У четири рудине, Лазаре
У четири рудине.
Тамо мома ќе најде, Лазаре
Таму мома ќе најде.
Ќе га фати за рука, Лазаре
Ќе га фати за рука.
Ќе и даде јабука, Лазаре
Ќе и даде јабука.
Носи, носи дур дома, Лазаре
Носи, носи дур дома.
На ти мајко одмена, Лазаре
На ти мајко одмена.
Татку бела промена, Лазаре
Татку бела промена.
Брату коња седлара, Лазаре
Брату коња седлара.
Сестри риза везена , Лазаре
Сестри риза везена.
Останите со збогум, Лазаре
Останите со збогум.
Годинава дворој, Лазаре
Годинава дворој.
Догодина сараи, Лазаре
Догодина сараи.

Добро утро Лазаре, Лазаре
Добро утро Лазаре.
Ал сакате Лазаре, Лазаре
Ал сакате Лазаре.
По ем пут у година, Лазаре
По ем пут у година.
Со све мила роднина, лазаре
Со све мила роднина.
Сам се Миле фалеше, Лазаре
Сам се Миле фалеше.
Имам Гора убаа, Лазаре
Имам Гора убаа Лазаре.
Поубаа од була, Лазаре

По убаа од була.
По танка е од пушка, Лазаре
По тљанка е од пушка.
По оштра е од сабља, Лазаре
По оштра е од сабља.
По работна е од вила, Лазаре
По работна е од вила.
По бела е од јајце, Лазаре
По бела е од јајце.
По црвена е од вино, Лазаре
По црвена е од вино.
По блага е од шеќер, Лазаре
По блага е од шеќер.
По љута е од змија, Лазаре
По љута е од змија.
Останите со збогум, Лазаре
Останите со збогум.
Годинава двороj, Лазаре
Годинава двороj.
Догодина сараи, Лазаре
Догодина сараи.

Добро утро Лазаре, Лазаре
Добро утро Лазаре.
Ал сакате Лазаре, Лазаре
Ал сакате Лазаре.
По ем пут у година, Лазаре
По ем пут у година.
Со све мила роднина, Лазаре
Со све мила роднина.
Овде лудо малоо, Лазаре
Овде лудо малоо.
На коруп се возеше, Лазаре
На коруп се возеше.
У свилени пелени, Лазаре
У свилени пелени.
У сребрени повои, Лазаре
У сребрени повои.
Мајка му се молеше, Лазаре
Мајака му се молеше.
Кроцкум терај корупот, Лазаре
Кроцкум терај корупот.
Д'н ми лудо превртиш, Лазаре
Д'н ми лудо превртиш.

Лудо ми е малоо, Лзаре
Лудо ми е малоо.
Останите со збогум, Лазаре
Останите со збогум. Годинава двороj, Лазаре
Годинава двороj.
Догодина сараи, Лазаре
Догодина сараи.

Добро утро Лазаре, Лазаре
Добро утро Лазаре.
Ал сакате Лазаре, Лазаре
Ал сакате Лазаре.
По ем пут у година, Лазаре
По ем пут у година.
Со све мила роднина, Лазаре
Со све мила роднина.
Изникнало јеличе, Лазаре
Изникнало јеличе.
Не ми било јеличе, Лазаре
Не ми било јеличе.
Мајќи било ќеркиче, Лазаре
Мајчи било ќеркиче.
Со него се поноси, Лазаре
Со него се поноси.
Како бавча со цвеќе, Лазаре
Како бавча со цвеќе.
Како лозје со грозје, Лазаре
Како лозје со грозје.
Како нива со ченца, Лазаре
Како нива со ченца.
Како бочва со вино, Лазаре
Како бочва со вино.
Останите со збогум, Лазаре
Останите со збогум.
Годинава двороj, Лазаре
Годинава двороj.
Догодина сараи, Лазаре
Догодина сараи.

Добро утро Лазаре, Лазаре
Добро утро Лазаре.
Ал сакате Лазаре, Лазаре
Ал сакате Лазаре.

По ем пут у година, Лазаре
По ем пут у година.
Со све мила роднина, Лазаре
Со све мила роднина.
Изникнало борченце, Лазаре
Изникнало борченце.
Не ми било борченце, Лазаре
Не ми било борченце.
Мајќи било синенце, Лазаре
Мајќи било синенце.
Со него се поноси, Лазаре
Со него се поноси.
Какво бавча со цвеќе, Лазаре
Како бавча со цвеќе.
Како лозје со грозје, Лазаре
Како лозје со грозје.
Како нива со ченца, Лазаре
Како нива со ченца.
Како бочва со вино, Лазаре
Како бочва со вино.
Останите со збогум, Лазаре
Останите со збогум.
Годинава двороj, Лазаре
Годинава двороj.
Догодина сараи, Лазаре
Догодина сараи.

Добро утро Лазаре, Лазаре
Добро утро Лазаре.
Ал сакате Лазаре, Лазаре
Ал сакате Лазаре.
По ем пут у година, Лазаре
По ем пут у година.
Со све мила роднина, Лазаре
Со све мила роднина.
Изникнале две јеле, Лазаре
Изникнале две јеле.
Меѓу њима борченце, Лазаре
Меѓу њима борченце.
Не ми биле две јеле, Лазаре
Не ми биле две јеле.
Мајќи биле две ќерќе, Лазаре
Мајќи биле две ќерќе.

Не ми било борченце, Лазаре
Не ми било борченце.
Мајќи било синенце, Лазаре
Мајќи било синенце.
Со њима се поноси, Лазаре
Со њима се поноси.
Како бавча со цвеќе, Лазаре
Какво бавча со цвеќе.
Како лозје со грозје, Лазаре
Како лозје со грозје.
Како њива со ченца, Лазаре
Како њива со ченца.
Како бочва со вино, Лазаре
Како бочва со вино.
Останите со збогум, Лазаре
Останите со збогум.
Годинава дворој, Лазаре
Годинава дворој.
Догодина сараи, Лазаре
Догодина сараи.

Добро утро Лазаре, Лазаре
Добро утро Лазаре.
Ал сакате Лазаре, Лазаре
Ал сакате Лазаре.
По ем пут у година, Лазаре
По ем пут у година.
Со све мила роднина, Лазаре
Со све мила роднина.
Изникнале два бора, Лзаре
Изникнале два бора.
Меѓу нима јеличе, Лазаре
Меѓу нима јеличе.
Не ми биле два бора, Лазаре
Не ми биле два бора.
Мајќи биле два сина, Лазаре
Мејќи биле два сина.
Не ми било јеличе, Лазаре
Не ми било јеличе.
Мајќи била ќеркиче, Лазаре
Мајќи била ќеркиче.
Со њима се поноси, Лазаре
Со њима се поноси.

Како бавча со цвеќе, Лазаре
Како бавча со цвеќе.
Како лозје со грозје, Лазаре
Како лозје со грозје.
Како њива со ченца, Лазаре
Како њива со ченца.
Како бочва со вино, Лазаре
Како бочва со вино.
Останите со збогум, Лазаре
Останите со збогум.
Годинава дворој, Лазаре
Годинава дворој.
Догодина сараи, Лазаре
Догодина сараи.

Добро утро Лазаре, Лазаре
Добро утро Лазаре.
Ал сакате Лазаре, Лазаре
Ал сакате Лазаре.
По ем пут у година, Лазаре
По ем пут у година.
Со све мила родбина, Лазаре
Со све мила роднина.
Овде дејка под прстењ, Лазаре
Овде дејка под прстењ.
Дојде Миле го исече, Лазаре
Дојде Миле го исече.
Летај те ми летајте, Лазаре
Летај те ми летајте.
Девет чифта голуби, Лазаре
Девет чифта голуби.
Долетале у Љубини дворој, Лазаре
У Љубини двророј.
И на Љуба збореја, Лазаре
И на Љуба збореја.
Спремај Љуба дарои, Лазаре
Спремај Љубо дарои.
Да даруеш свекрва, Лазаре
Да даруеш свекрва.
Свекрва и свекора, Лазаре
Свекрва и свекора.
И два мила девера, Лазаре
И два мила девера.

Добро утро Лазаре, Лазаре
Добро утро Лазаре.
Ал сакате Лазаре, Лазаре
Ал сакате Лазаре.
По ем пут у година, Лазаре
По ем пут у година.
Со све мила роднина, Лазаре
По све мила роднина.
Лета ле ми летале, Лазаре
Лета ле ми летале.
Девет чифта голуби, Лазаре
Девет чифта голуби.
Паднале, ми паднале, Лазаре
Паднале ми паднале.
У челебини дворои, Лазаре
У Челебини двророи.
Челеб ченца требеше, Лазаре
Челеб ченца требеше.
На голуби фрљаше, Лазаре
На голуби фрљаше.
И на голуби збореше, Лазаре
И на голуби збореше.
Еј голуби, голуби Лазаре,
Еј голуби, голуби.
Годинава идите Лазаре,
Годинава идите.
Догодина дојдите, Лазаре
Догодина дојдите.
Два радоста ќе имам, Лазаре
Два радоста ќе имам.
Мила сина ќе женам, Лазаре
Мила сина ќе женам.
Мила ќерка ќе мажам, Лазаре
Мила ќерка ќе мажам.
Останите со збогум, Лазаре
Останите со збогум.
Годинава дворој, Лазаре
Годинава дворој.
Догодина сараи, Лазаре
Догодина сараи.

Добро утро Лазаре, Лазаре
Добро утро, Лазаре.
Ал сакате, Лазаре, Лазаре

Ал сакате Лазаре.
По ем пут у година, Лазаре
По ем пут у година.
Со све мила родина, Лазаре
Со све мила роднина.
Овде стара старица, Лазаре
Овде стара старица.
На столица седеше, Лазаре
На столица седеше.
Бела ченца требеше, Лазаре
Бела ченца требеше.
На голуби фрљаше, Лазаре
На голуби фрљаше.
Зобајте ми, зобајте, Лазаре
Зобајте ми, зобајте.
Девет чифта голуби, Лазаре
Девет чифта голуби.
Останите со збогум, Лазаре
Останите со збогум.
Годинава дворој, Лазаре
Годинава дворој.
Догодина сараи, Лазаре
Догодина сараи.

***

Ако во некоја куќа не им дадат подарок они ги проколнуваат, вместо да пејат „Годинава дворои, Лазаре, догодина сараи, Лазаре", Годинава дворои, Лазаре, догодина гробои".

*Цветнице* – Празник во велики пости. Од црква се зема врба која после се чува пред икона.

*Велики четврток* – На тој ден се фарбат јајца црвени и то пред да огрее сонце (со варѕило). Од тие јајца се зима едно и се чува пред икона – служи за спречување на градушка. Постои верување, ако тоа јајце со секира се постави под стреја – веднаш ќе престане градушката. Исто, утрината мајката со топло, црвено јајце ги протрљува своите деца зборувајќи им: „Црвено, бело како јајце".

*Велики петок* – Тежок празник. Дента не работат. Љуѓе кои што болуаат од главо-боље се миат глава на тој ден, а през годината ќе избегнуваат да се миат во петок.

*Велигден* – Голем празник. Се празнува три дена. Љуѓето помеѓу себе се поздравуваат: „Христос воскресе", „Ваистина Воскресе".

Првиот ден се оди многу рано во црква, а по тоа по блиски роднини, кумот, стариот сват, бабата и др. Првите два дена одат во посета само мажите и децата, а

на третиот ден одат невестите со своите свекрви или постари жени по роднини. На овој празник се дава на секој кој ќе дојде во посета црвено јајце. На овој ден се пејат песни, како на пример:

Дојди, дојди д'н Велигден
Да ме видиш што работам,
Свила предам
Гајтан плетам,
Свила предам за чорапе,
Гајтан плетам за долама.
Дојди, дојди  д'н Велигден,
Когај дојде, когај пројде,
Мие не те упазифмо,
Мие не те наиграфмо,
Ка не беше за недеља,
Туку пројде за три д'на.

*Балаклија* – Се празнува два дена, во четвртокот и петокот после Велигден. Во четвртокот по пладне се оди покрај река каде се „бендисуваа" девојките и момците, а во петокот се оди изутрина па до вечер се јаде, пие и пее.

*Руса среда* – На овој празник не се работи  заради „очи" (за да не ти влегува раска во очи).

*Ѓурѓовден* – Празник кој е празнуван од христијанско и муслиманско население. Во очи на тој празник се оди по биљкиу и се пејат песни, како на пример:

Ајде Цвето на цвеќе,
Да беремо цвеќина,
Која друга не дојде,
Змија да га изеде,
Гуштер да га испие,
Три годинe да лега,
Три постеље да исќине,
Нигде лек да не најде.

Ајде друга по биљќе да идемо,
Која друга не дојде змија да га јаде,
Да ми лега три години д'на
Да исќине три девет постеље,
И со сламка мома да се потпре,
И од лешник вода да ми пие
И тоа све малу да ѝ биде.

Од како ќе наберат биљки ги закитуваат вратите, а малите деца ги капат во вода во која се става биљки: дрен, силим, здравец, среќка, дебела тиква, страшник, вратика, и црвено јајце велигденско. Вечерта исто поставуваапод трендафил суд со вода и биљки. Утрината, на самиот ден се мијат од водата. На малите деца им окачуваат на врат конец бел и црвен стара пара, дебела тиква и страшник. Дента се мера на сурово дрво, се занишуваа на нишалка пееjќи песни, на пример:

Среде гора на јавора прајмо нишаљка,
Среде гора на јавора лелјо, лелјо,
Под јавора све девојќе лејло, лејло,
Под јавора све девојќе и беќари, лелјо, лелјо,
Седна Љуба на нишаљка лелјо, лелјо,
Кажи Љубо каде сакаш, лелјо, лелјо,
Ја си сакам у Стојкота за Трајкота лелјо,
Трајко ми е на каршија, лелјо, лелјо,
Слимнал капа Бога моли, лелјо, лелјо,
Дај ми Боже силен ветер лелјо, лелјо,
Силен ветер да обори бела Љуба лелјо,
Да ми падне у скутина, лелјо, лелјо,
Бери Ѓено копро јуже лелјо, лелјо
Зарем ќе те Симо чека лелјо, лелјо
Симо собрал све дружина лелјо, лелјо
Да им праеш благо кафе лелјо, лелјо
Благо кафе рум раќија, лелјо, лелјо.

Се оди на „уранак" во манастир Св. Ѓорѓија – Долна Речица, Тетовско. Останувaат скоро цел ден се јаде, пие, пее песни како на пример:

Св. Ѓуѓо коња јава,
Коња јава коењ со сењдло.
Па ми шета редум поле,
Да разгледа бериќетот,
Го прашује стара мајка,
Што си скрбен свети Ѓурѓо?
Ари мајко, стара мајко,
Пролетното не никнало,
Јесеното изгинало.

Во Долна Речица и Исар на тој ден се пресипуваат (прават закушки) иоли вечерта на раскрсница. На косите ставаат масло ја чешљат и засечуваат, а потоа ставаат стара пара зборувајќи: „Удоле коса, угоре мома".

*Јеремија* - Празник кој се празнува заради змии и смокови. Спроти тој ден се чука со „кација и маша", зборувајќи: „Змија и смокови во море, Јеремија во поле". Обичај е дента жените да одат по бафчи, се валкаат по трева и пиат овче млеко.

*Спасовден* – Овој празник го празнуваат луѓе кои го носат тоа име, жените дента не работат.

*Св. Врач, Кузман и Дамјан и св. Филип* – На овие денови не се работи заради детски болести.

*Зимен и летен Атансовден* - На овие празници се оди во „Кале“ Тетовско каде се наоѓа црквата св. Атанасија. Останувaат преку цел ден, пејат, играат и др. На летен Атансовден – жени кои што не родиле се провлекуваат низ едно дрво да би можеле да родат.

*Св. Мина и св. Сисоја* – Се празнуваат заради детски болести (падавица). На тој ден мајки чиви деца се болни дигаат панаѓија и постат.

*Огњена Марија* – На тој ден не се работи заради оган.

*Св. Дуси, Духовден* - овој празник се празнува три дена. На првиот ден со орошкојна се оди во црква, која је испослана со сено од кое прават венчиња, онолку колку деца има и се чува пред икона. Орошкојната пак им служи да на утрешниот ден ги почистат гробовите.

*Иван ден* – На овој празник се бере иваново цвеќе и нане кое дента се продава. Цвеќето се чува за уништување молци, а нането за јадење.

*Св. Илија, Илинден* – Празнуван е од страна на христијанското и муслиманското население. Тој ден се оди во „Теќе“ на гробот од свети Илија како што постои верување, се носат разни подароци и палат свеќи.

*Преображдение* – Празник во текот на Богоројчни пости, се јаде риба, а за прв пат се зајадува грозје.

*Голема Богројца* - На овој празник не само од градот туку и од селата одат во с. Лешок, Тетовско, каде се наоѓа манастирот Св. Богородица. Се носат подароци, тепсии, котли (посуѓе), јагниња и др. Се пее, игра цел ден, а што е најкарактеристично се бендисуваат момците и девојките од селата.

*Втролум* - Се празнува за пчелите. На тој ден се гледа како ќе бидат пчелите през годината (дали ќе серојат), во завосност од времето, дали дента ќе врне, дува ветер или ќе биде убаво времето. Дента не се работи за да не ги боли глава.

*Мала Богородица* - Се оди во с. Лешок каде се наоѓа манастирот Св. Богројца. Меѓу Мала и Голема Богројца свадби не се прават.

*Крстовден* – На тој ден е најден крстот. Не работат жените. До Крстовден се остава емишот на дрвјата, а од тој ден започнува берењето. Се засевувале нивите со ченца и сл.

*Св. Тодор, Тодороја* – На овој празник се вари ченка и пшеница, се носи во црква. Девојките зимат сами или пак макитe им, сестрите (нивните блиски) од три чинии без да бидат забележени. По тоа од три моста дрвца и од три чешми вода. Вечерта штом ќе каснат прв залак го вадат од уста и без да проговорат одат да спијат.

Под јасток ставаат: пшеницата и пченката и залакот, облакаат спалната наопаку, а чашата вода ја ставаат на столица или на позидок. Се прекрстува молејќи се: „Господе тој што ми е касмет на сон да го видам. Ако е преку вода дрвцата да му бидат мост. Ако е жеден водата да ја испие".

*Пречиста* – Се празнува како слава. Се пејат песни како на пример:

Ај напими се Ќир Илија,
Помоглати Пречиста,
Очистија докапка,
Весели се бре куќни домаќине,
Веселати куќа до амина,
Ти дојдоа гости, пријатељи
Добар абер ти донесоа,
Бело стадо ти се објагнило
Козе ти се окозиле,
Краве ти се отелиле,
Ја донесој куќни бре домаќине,
Вино им ракија,
Да пијемо да се опијемо,
Пред куќа слама,
У куќа слава,
Нека е жива,
Домаќинска глава.

Ако годината е сушна, девојчиња и деца (група) се збираат и прават венец од бршљен и еден од групата ќе биде „невеста", пејат додолски песни по куќи за кои добиваат подароци, пари и др.

Ал си дома домаќице, Ој додле мили Боже,
Ако спиеш разбуди се, Ој додоле мили Боже,
Ако пиеш весели се, Ој додоле мили Боже,
Да зароси ситна росам Ој додоле мили Боже,
Да навади житој вино, Ој додоле мили Боже,
Да се полна амбарите, Ој додоле мили Боже,
Да се рана сиротиње, Ој додле мили Боже,
Кој без нога, кој без рука, Ој додоле мили Боже,
Кој без татко, кој без мајка, Ој додоле мили Боже.

*Б. Пауновска*
*студ.етнолог - VII сем.*
*Тетово*